KONSTANTIN PRESLAVSKY UNIVERSITY SHUMEN

*ШУМЕНСКИ УНИВЕРСИТЕТ "ЕПИСКОП КОНСТАНТИН ПРЕСЛАВСКИ"*

IV Научна конференция с международно участие

# ГЕОГРАФИЯ, РЕГИОНАЛНО РАЗВИТИЕ И ТУРИЗЪМ

Посветена на 30 години от възстановяването на обучението по география в Шуменския университет и 50-годишнината на висшето училище

3 – 5 декември 2021

# СБОРНИК С РЕЗЮМЕТА

IV Scientific conference with international participation

# GEOGRAPHY, REGIONAL DEVELOPMENT AND TOURISM

Celebrating the 30 th Anniversary of the Establishment of Geography program in Konstantin Preslavsky University of Shumen and the 50 th Anniversary of the University

3 – 5 December 2021

# BOOK OF ABSTRACTS

Университетско издателство „Епископ Константин Преславски“
ШУМЕН, 2021

KONSTANTIN PRESLAVSKY UNIVERSITY SHUMEN

*ШУМЕНСКИ УНИВЕРСИТЕТ „ЕПИСКОП КОНСТАНТИН ПРЕСЛАВСКИ"*

IV Научна конференция с международно участие

# ГЕОГРАФИЯ, РЕГИОНАЛНО РАЗВИТИЕ И ТУРИЗЪМ

Посветена на 30 години от възстановяването на обучението по география в Шуменския университет и 50-годишнината на висшето училище

3 – 5 декември 2021

# СБОРНИК С РЕЗЮМЕТА

IV Scientific conference with international participation

# GEOGRAPHY, REGIONAL DEVELOPMENT AND TOURISM

Celebrating the 30 th Anniversary of the Establishment of Geography program in Konstantin Preslavsky University of Shumen and the 50 th Anniversary of the University

3 – 5 December 2021

# BOOK OF ABSTRACTS

Университетско издателство „Епископ Константин Преславски"

ШУМЕН
2021

*Сборникът се издава с финансовата подкрепа на Фонд „Научни изследвания“, Проект № КП-06-МНФ/15*

***РЕДАКЦИОНЕН КОЛЕКТИВ:***
***EDITORIAL TEAM:***

проф. д-р Светла СТАНКОВА
Prof. Svetla STANKOVA, PhD

доц. д-р Ваня ВАСИЛЕВА
Assoc. Prof. Vanya VASILEVA, PhD

доц. д-р Дора КАБАКЧИЕВА
Assoc. Prof. Dora KABAKCHIEVA, PhD

ISBN 978-619-201-534-3

Университетско издателство „Епископ Константин Преславски“
2021

## СЪДЪРЖАНИЕ

## CONTENTS

**СЪДЪРЖАНИЕ / CONTENTS** ........ 3

**ПЛЕНАРНА СЕСИЯ / PLENARY SECTION** ........ 13

*30 ГОДИНИ ОТ ВЪЗСТАНОВЯВАНЕТО НА ОБУЧЕНИЕТО ПО ГЕОГРАФИЯ В ШУМЕНСКИЯ УНИВЕРСИТЕТ, Димитър Владев* ........ 13

*30 YEARS SINCE THE RESTORATION OF GEOGRAPHY EDUCATION AT SHUMEN UNIVERSITY, Dimitar Vladev* ........ 14

**СЕКЦИЯ „АКТУАЛНИ АСПЕКТИ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ИЗСЛЕДВАНИЯ“ / CURRENT ASPECTS OF REGIONAL SURVEYS SECTION** ........ 15

*ВЪЗМОЖНОСТИ ЗА РАЗВИТИЕ НА ТУРИЗМА В ГРАД КРУШЕВО, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЯ, Цане Котески* ........ 15

*OPPORTUNITIES FOR DEVELOPMENT OF TOURISM IN THE CITY OF KRUSEVO IN THE REPUBLIC OF NORTHERN MACEDONIA, Cane Koteski* ........ 16

*ТАЙНИТЕ НА ИНДИАНСКАТА ПИСМЕНОСТ В ЮЖНА АМЕРИКА, Хуан Естебан Юпанки Вилалобос* ........ 17

*SECRETS OF NATIVE AMERICAN WRITING IN SOUTH AMERICA, Juan Esteban Yupanqui Villalobos* ........ 17

*ТУРИЗЪМ, ПОДПРАВКИ И РЕГИОНАЛНО ИКОНОМИЧЕСКО РАЗВИТИЕ: ПЕРСПЕКТИВИ В ИНДИЙСКИ КОНТЕКСТ, Патита Пабан Моханти, Бипиталал Балакришнан Найр* ........ 18

*SPICE TOURISM AND REGIONAL ECONOMIC DEVELOPMENT: A POLICY IMPLICATION PERSPECTIVE IN INDIAN CONTEXT, Patita Paban Mohanty, Bipithalal Balakrishnan Nair* ........ 18

*АКТУАЛНОСТ НА ГЕОГРАФСКИТЕ ИЗСЛЕДВАНИЯ НА ПРИРОДНИ ГАЗОВИ ХИДРАТИ, Атанас Василев, Никола Ботушаров, Емануил Кожухаров, Петър Пецински, Росица Пехливанова* ........ 20

*ACTUALITY OF GEOGRAPHICAL STUDIES OF NATURAL GAS HYDRATES, Atanas Vassilev, Nikola Botusharov, Emanuil Kozhuharov, Petar Pecinski, Rositsa Pehlivanova* ........ 21

*БЪЛГАРСКАТА МАРЕОГРАФНА СТАНЦИЯ НА О-В ЛИВИНГСТЪН – ИЗГРАЖДАНЕ И ПЕРСПЕКТИВИ, Борислав Александров, Доброслав Дечев* ........ 22

*ЕНЕРГИЯТА НА ВЯТЪРА – ПЪТ КЪМ ЗЕЛЕНИ ХОРИЗОНТИ, Бояна Димитрова, Веселин Жечев* ........ 80

*THE ENERGY OF WIND - A PATH TO THE GREEN HORIZONS, Boyana Dimitrova, Veselin Zhechev* ........ 81

*ЗНАЧЕНИЕ НА ДОБРУДЖА И СЕВЕРОИЗТОЧНИЯ РАЙОН ЗА РАЗВИТИЕТО НА БЪЛГАРИЯ, Иван Попов* ........ 82

*IMPORTANCE OF DOBRUDJA AND THE NORTHEASTERN REGION FOR THE DEVELOPMENT OF BULGARIA, Ivan Popov* ........ 82

**СЕКЦИЯ „ТУРИЗЪМ“ / TOURISM SECTION ........ 83**

*ЗНАЧЕНИЕТО НА МЕНИДЖМЪНТА ЗА ДЕЙНОСТТА НА ПРЕДПРИЯТИЯТА В ОБЛАСТТА НА ТУРИЗМА, Георги Петкоски, Цане Котески, Златко Яковлев* ........ 83

*THE IMPORTANCE OF MANAGEMENT FOR THE OPERATION OF COMPANIES IN THE FIELD OF TOURISM, Gjorgji Petkoski, Kane Koteski, Zlatko Yakovlev* ........ 83

*ЗНАЧЕНИЕТО НА ФИНАНСОВИТЕ РЕШЕНИЯ НА РЪКОВОДСТВОТО ЗА ДЕЙНОСТТА НА ПРЕДПРИЯТИЯТА В СФЕРАТА НА ТУРИЗМА, Георги Петкоски, Цане Котески, Златко Яковлев* ........ 85

*THE IMPORTANCE OF MANAGEMENT'S FINANCIAL DECISIONS FOR THE OPERATIONS OF TOURISM ENTERPRISES, Georgi Petkoski, Kane Koteski, Zlatko Yakovlev* ........ 85

*АНАЛИЗ НА ТУРИСТИЧЕСКИЯ ОБМЕН МЕЖДУ БЪЛГАРИЯ И ЧЕХИЯ, Ваня Василева* ........ 87

*ANALYSIS OF THE TOURIST EXCHANGE BETWEEN BULGARIA AND THE CZECH REPUBLIC, Vanya Vasileva* ........ 88

*МЕЖДУНАРОДНИТЕ КУЛТУРНИ И СПОРТНИ СЪБИТИЯ В ЕВРОПА КАТО ФАКТОР ЗА РАЗВИТИЕ НА ГРАДСКИ ТУРИЗЪМ, Дарко Майхошев, Цане Котески* ........ 89

*INTERNATIONAL CULTURAL AND SPORTS EVENTS IN EUROPE AS A FACTOR FOR URBAN TOURISM DEVELOPMENT, Darko Majhosev, Cane Koteski* ........ 89

*ВЪЗМОЖНОСТИ ЗА РАЗВИТИЕ НА СПА ТУРИЗЪМ В МАКЕДОНИЯ, Фатон Шерифи* ........ 90

*OPPORTUNITIES FOR DEVELOPMENT OF SPA TOURISM IN MACEDONIA, Faton Sherifi* ........ 91

*СПА ТУРИЗЪМ В ОБЩИНА КЛОКОТ, Перпарим Кахили* ........ 92

*SPA TOURISM IN THE MUNICIPALITY OF KLOKOT, Përparim Qahili* ........ 93

*ЕФЕКТИВНОСТ НА МЕРКИТЕ ЗА ПОДКРЕПА НА ДЕЙНОСТТА НА ТУРОПЕРАТОРИ В УСЛОВИЯ НА ОГРАНИЧЕНИЯТА, НАЛОЖЕНИ ОТ COVID-19 ПРЕЗ 2020 Г., Николай Йотовски* ........94

*EFFICIENCY OF MEASURES TO SUPPORT THE TOUR OPERATORS UNDER CONDITIONS IMPOSED BY COVID-19 DURING 2020, Nikolai Yotovsky* ........95

*ЛУННО-СЛЪНЧЕВА ОБСЕРВАТОРИЯ С РИСУВАН СЛЪНЧЕВ КАЛЕНДАР ОТ ПРАИСТОРИЯТА КАТО ОСНОВА НА АРХЕОЛОГИЧЕСКИ ПАРК В ОБЩИНА ГОРНА МАЛИНА, Пенка Стоева, Десислава Алексова, Ангел Жиланов, Мина Спасова, Алексей Стоев* ........96

*LUNAR-SOLAR OBSERVATORY WITH A PAINTED SOLAR CALENDAR FROM PREHISTORY AS THE BASIS OF AN ARCHEOLOGICAL PARK IN THE MUNICIPALITY OF GORNA MALINA, Penka Stoeva, Desislava Aleksova, Angel Zhilanov, Mina Spasova, Alexey Stoev* ........97

*РОЛЯТА НА ЛЕТИЩАТА ВАРНА И БУРГАС ЗА РАЗВИТИЕ НА МОРСКИЯ ТУРИЗЪМ, Галина Тодорова* ........98

*THE ROLE OF VARNA AND BURGAS AIRPORTS FOR THE DEVELOPMENT OF SEA TOURISM, Galina Todorova* ........98

*АВИАЦИОНЕН КЕТЪРИНГ – ПРЕДИЗВИКАТЕЛСТВО В ТУРИЗМА, Йордан Адолфов* ........99

*AVIATION CATERING - A CHALLENGE IN TOURISM, Jordan Adolfov* ........99

*ВИНЕН ТУРИЗЪМ – СТРАТЕГИЧЕСКИ СЕГМЕНТ В ИКОНОМИЧЕСКОТО РАЗВИТИЕ НА БЪЛГАРИЯ, Кристиан Рангелов* ........100

*WINE TOURISM - A STRATEGIC SEGMENT IN THE ECONOMIC DEVELOPMENT OF BULGARIA, Christian Rangelov* ........101

*РЕЛИГИОЗНИТЕ ТУРИСТИЧЕСКИ РЕСУРСИ НА БЪЛГАРИЯ – ПОТЕНЦИАЛ И ПРАКТИКИ, Дора Кабакчиева* ........102

*THE RELIGIOUS TOURIST RESOURCES OF BULGARIA – POTENTIAL AND PRACTICES, Dora Kabakchieva* ........102

*ВЪЗМОЖНОСТИ ЗА РАЗВИТИЕ НА КУЛТУРЕН ТУРИЗЪМ ПО ДОЛИНАТА НА РЕКА СТРУМА, Милена Стоянова, Екатерина Керемидарска* ........104

*OPPORTUNITIES FOR CULTURAL TOURISM DEVELOPMENT ALONG THE RIVER STRUMA VALLEY, Milena Stoyanova, Ekaterina Keremidarska* ........104

*АНАЛИЗ И ОЦЕНКА НА РАЗВИТИЕТО НА ТУРИЗМА В КРУШУНСКАТА КАРСТОВА ГЕОСИСТЕМА, Диляна Стефанова, Петър Стефанов* ........106

*ANALYSIS AND EVALUATION OF TOURISM DEVELOPMENT IN THE KRUSHUNA KARST GEOSYSTEM, Dilyana Stefanova, Petar Stefanov* ........106

*КОРЕЛАЦИЯ МЕЖДУ ХАЗАРТ, ТУРИЗЪМ И СОЦИАЛНО-ИКОНОМИЧЕСКО РАЗВИТИЕ, Любомира Георгиева* ........ 108

*CORRELATION BETWEEN GAMBLING, TOURISM AND SOCIO-ECONOMIC DEVELOPMENT, Lyubomira Georgieva* ........ 109

*НЕДВИЖИМИТЕ РИМСКИ АРХЕОЛОГИЧЕСКИ ОБЕКТИ С НАЦИОНАЛНО ЗНАЧЕНИЕ В КОНТЕКСТА НА КУЛТУРНИЯ ТУРИЗЪМ, Стела Стефанова* ..... 110

*IMMOVABLE ROMAN ARCHEOLOGICAL SITES OF NATIONAL IMPORTANCE IN THE CONTEXT OF CULTURAL TOURISM, Stella Stefanova* ........ 111

*СЪВРЕМЕННО СЪСТОЯНИЕ И ВЪЗМОЖНОСТИ ЗА РАЗВИТИЕ НА СПЕЦИАЛИЗИРАНИ ФОРМИ НА ТУРИЗЪМ В ТУРИСТИЧЕСКИ РАЙОН РОДОПИ, Севджан Сабриева* ........ 112

*CURRENT STATE AND OPPORTUNITIES FOR DEVELOPMENT OF SPECIALIZED FORMS OF TOURISM IN THE TOURIST REGION OF THE RHODOPES, Sevdjan Sabrieva* ........ 112

*ПРЕДИМСТВА И НЕДОСТАТЪЦИ ОТ ВНЕДРЯВАНЕТО НА ИНФОРМАЦИОННИ И КОМУНИКАЦИОННИ ТЕХНОЛОГИИ В MICE ТУРИЗМА, Стефка Христова, Милена Стоянова* ........ 113

*ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF IMPLEMENTING THE INFORMATION AND COMMUNICATION TECHNOLOGIES IN MICE TOURISM, Stefka Hristova, Milena Stoyanova* ........ 113

*СПЕЦИФИКА НА ОСНОВНИТЕ ПОНЯТИЯ В КУЛТУРАТА НА БЕЗОПАСНОСТ И ЗАЩИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ПРИ БЕДСТВИЯ, Захарий Дечев* ........ 114

*SPECIFICITY OF THE MAIN CONCEPTS IN THE CULTURE OF POPULATION SAFETY AND PROTECTION IN DISASTERS, Zachary Dechev* ........ 114

*СЪСТОЯНИЕ И ПРОБЛЕМИ НА ТУРИЗМА В КЕНИЯ. СЛУЧАЯТ НА BLUE MARLIN BEACH HOTEL, Красимир Левков, Велико Великов* ........ 116

*STATE AND PROBLEMS OF TOURISM IN KENYA. THE CASE OF THE BLUE MARLIN BEACH HOTEL, Krassimir Levkov, Veliko Velikov* ........ 116

*КУЛТУРНО-ИСТОРИЧЕСКО НАСЛЕДСТВО НА ОБЩИНА ИСПЕРИХ, Теодора Михайлова, Сема Алиева, Ерхан Фикрет* ........ 117

*CULTURAL-HISTORICAL HERITAGE OF MUNICIPALITY ISPERIH, Teodora Mihailova, Sema Alieva, Erhan Fikret* ........ 118

*РЕЧЕН ТУРИЗЪМ ПО РЕКА ДУНАВ, Християна Янкова* ........ 119

*RIVER TOURISM AT THE RIVER DUNAV, Hristiana Yankova* ........ 119

*ТУРИСТИЧЕСКИ РЕСУРСИ В ГЕРМАНИЯ. ПРОБЛЕМИ И СЪСТОЯНИЕ НА ТУРИЗМА В РЕГИОНА БАДЕН-ВЮТТЕМБЕРГ, Денис Стоянов* ........ 120

*TOURIST RESOURCES IN GERMANY.PROBLEMS AND STATE OF TOURISM IN THE REGION OF BADEN-WÜRTTEMBERG, Denis Stoyanov* ........................................120

*ПАРИЖ В СПОМЕНИТЕ НА ВЕСЕЛИН СМЯДОВСКИ, Мария Христова*..........122

*PARIS IN THE MEMOIRS OF VESELIN SMYADOVSKY, Maria Hristova*..................122

**СЕКЦИЯ „ГЕОГРАФСКО ОБРАЗОВАНИЕ" / GEOGRAPHICAL EDUCATION SECTION .......................................................................................................... 123**

*ОТ РЕФОРМАТА КЪМ ПРОМЕНИТЕ В УЧЕБНАТА ПРОГРАМА ПО ГЕОГРАФИЯ И ИКОНОМИКА ЗА VI КЛАС, Стела Дерменджиева, Тамара Драганова* ........123

*FROM THE REFORM TO THE CHANGES IN THE CURRICULA IN GEOGRAPHY AND ECONOMICS FOR VI GRADE, Stella Dermendzhieva, Tamara Draganova*...........123

*ДЕТЕРМИНИРАНИ ИЗМЕНЕНИЯ И ДОПЪЛНЕНИЯ НА УЧЕБНАТА ПРОГРАМА ПО ГЕОГРАФИЯ И ИКОНОМИКА ЗА VI КЛАС, Стела Дерменджиева, Тамара Драганова* ..........................................................................................................125

*DETERMINED CHANGES AND ADDITIONS TO THE CURRICULA IN GEOGRAPHY AND ECONOMICS FOR VI GRADE, Stella Dermendzhieva, Tamara Draganova* ..125

*ПРОТЕСТАНТСКИЯТ КОЛЕЖ НА ОСТРОВ МАЛТА И НЕГОВИТЕ БЪЛГАРСКИ ВЪЗПИТАНИЦИ (1862 – 1865), Росица Ангелова*..............................................127

*THE PROTESTANT COLLEGE ON THE ISLAND OF MALTA AND ITS BULGARIAN GRADUATES (1862 – 1865), Rositsa Angelova*...................................................127

*ШУМЕНЦИ НА УЧЕНИЕ В ЦАРИГРАД – ОБЩА ХАРАКТЕРИСТИКА И ТЕНДЕНЦИИ, Росица Ангелова*..........................................................................128

*SHUMEN STUDENTS ON STUDY IN CONSTANTINOPLE - GENERAL CHARACTERISTICS AND TRENDS, Rositsa Angelova* ...........................................128

*ТЕСТ-СПЕЦИФИКАЦИИТЕ КАТО КРИТЕРИИ ЗА СЪСТАВЯНЕ НА ТЕСТОВЕ И ОЦЕНЯВАНЕ НА ПОСТИЖЕНИЯТА НА УЧЕНИЦИТЕ, АДАПТИРАНИ СПОРЕД УЧЕБНАТА ПРОГРАМА ПО ГЕОГРАФИЯ И ИКОНОМИКА – IX КЛАС, Семра Неждет* ..........................................................................................................130

*TEST SPECIFICATIONS AS CRITERIA FOR COMPILING TESTS AND ASSESSING STUDENT ACHIEVEMENT ADAPTED ACCORDING TO THE CURRICULUM IN GEOGRAPHY AND ECONOMICS - IX GRADE, Semra Nezhdet* ..............................130

*РОЛЯ И ЗНАЧЕНИЕ НА УРОЦИТЕ ЗА ФОРМИРАНЕ НА ГЕОГРАФСКА КУЛТУРА И МОДЕЛ НА ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, Живка Тодорова*............................132

*THE ROLE AND MEANING OF GEOGRAPHY LESSONS FOR THE DEVELOPMENT OF GEOGRAPHIC CULTURE AND ENVIRONMENTALLY CONSCIOUS BEHAVIOUR IN STUDENTS, Jivka Todorova*.......................................................................................133

*НОРМАТИВНИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ГЕОЕКОЛОГИЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ В НЕФОРМАЛНА СРЕДА, Милка Асенова*..........................................................134

# МЕЃУНАРОДНИТЕ КУЛТУРНИ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ЕВРОПА КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА УРБАНИОТ ТУРИЗАМ

**Дарко Мајхошев[1], Цане Котески[2]**

e-mail: darko-majhosev@hotmail.com

e-mail: cane.koteski@ugd.edu.mk

Универзитет ,,Гоце Делчев"-Штип, Факултет за Туризам и бизнис логистика, Ул. Крсте Мисирков бр.10-А, 2000 Штип, Република Северна Македонија.

**Апстракт**

Во Европа секоја година или периодично (на две или четири години) се организираат многу културни и спортски манифестации кои го привлекуваат вниманието на туристите. Ваквите манифестации се важен фактор за развој на урбаниот туризам во Европа. Најпознати културни и спортски манифестации во Европа кои со својата содржина предизвикуваат љубопитност кај туристите се: европска престолнина на културата, главни градови на спортот и главни градови на младите. Многу туроператори во своите пакет на туристички аранжмани ги вклопуваат и посетите на наведените културни и спортски манифестации. Во рамките на трудот ќе направиме анализа на одредени специфики за секоја манифестација поединечно.

**Клучни зборови**: манифестации, туризам, култура, спорт, патувања

**Abstract**

In Europe, every year or periodically (every two or four years) many cultural and sports events are organized that attract the attention of tourists. Such events are an important factor for the development of urban tourism in Europe. The most famous cultural and sports events in Europe that with their content arouse the curiosity of tourists are: European Capital of Culture, sports capitals and youth capitals. Many tour operators include in their package of tourist arrangements the visits to the mentioned cultural and sports manifestations. In the framework of the paper we will make an analysis of certain specifics for each event individually.

**Keywords**: events, tourism, culture, sports, travel

## 1. **Типологија на градските туристички дестинации**

Во стручната литература може да се сретне типологизација на градските туристички дестинации кои генерално се поделени на:

- глобални или светски градови,
- национални престолнини,
- градови со културно наследство,
- уметнички градови,
- индустриски градови,
- креативни градови,
- спортски градови и сл. (Јовановиќ, стр. 92, 157)

**Глобални или светски градови (Лондон и Њујорк).** Терминот *world cities* се однесуваат на места кои, благодарејќи на глобализацијата на економијата, културата и политиката, доминираат во меѓународниот бизнис. Таквите градови имаат глобална контролна функција во светската економија која ги надминува националните граници; во нив се наоѓаат седиштата на транснационалните компании, меѓународните финансиски институции и професионалните услуги; во нив расте побарувачката за деловен простор; во нив постои концентрација на финансискиот капитал; во нив има пораст на услужните дејности (туризам и угостителство); имаат високо ниво на имиграција која влијае на порастот на доходот, но и пораст на социјалните разлики; сегрегација на населението меѓу богатите и сиромашните; реновирање на старите квартови и нивно освежување.

**Национални престолнини**. **(Камбера или Анкара)** Главните градови на државите имаат важна улога во туризмот. Постојат главни градови кои се помалку познати од други поголеми градови во државата, бидејќи се во сенка на градовите кои имаат посилен туристички имиџ и остваруваат поголем туристички промет (пр. Камбера и Сиднеј, или Анкара и Истанбул).

**Градови со културно наследство**. **(Венеција, Оксфорд, Краков).** Станува збор за туристичко-историски градови кои поседуваат многу посетено историско јадро, како што е случајот со Венеција. Кај овие градови поради огромната дневна посетеност на туристи се создава голема концентрација на туристи што создаваат голем сообраќаен метеж, што создава нервоза кај локалното население.

**Уметнички градови (Виена, Фиренца, Мадрид)**. Во овие градови постојат голем број галерии, музеи и разни уметнички содржини. Градот Виена, со својата архитектура и големиот број културно-историски знаменитости  го носи епитетот „град музеј“. Виена поседува и „музејски кварт“, Берлин „музејски остров“, додека во Мадрид се наоѓа светски познатиот музеј „Прадо“. Поедини градови се препознатливи по своите исклучително богати уметнички колекции  (Рим или Фиренца), меѓународни (Њујорк), или национални (Париз). Градот Париз е препознатлив и по познатата уметничка улица Монмартр, која е сон на секој уметник, но и на секој љубител на уметноста и сликарството. Но, Париз е познат и по музејот Лувр.

**Индустриски градови**. **(Глазгов, Билбао, Ливерпул).** Во последно време многу индустриски градови се трансформираа во туристички дестинации, како резултат на успешни проекти за нивната регенерација. На местата на нефункционалните индустриски објекти формирани се квартови за услуга и потрошувачка, па и за урбан туризам. Во градовите како што се Глазгов, Билбао, Ливерпул, Ротердам и др. реализирани се повеќе проекти со кои биле изградени големи музеи, галерии, спортско-рекреативни или конгресни центри.

**Креативни градови**. **(Барселона, Хелсинки, Ливерпул).**  Поедини градови промовираат креативност во функција на економскиот раст, охрабрувајќи го развојот на т.н. креативна индустрија. Креативен град е оној град кој е во состојба да генерира „економија на иновацијата“, културата, истражување и уметничка продукција. Креативните градови настојуваат да ја подобрат интеракцијата помеѓу оживеаните квартови, економскиот развој и социјалната обнова.

**УНЕСКО** води *Листа на креативни градови (List of the Creative Cities*), а воедно поттикнува вмрежување на креативните градови. Мрежата на креативни градови е формирана во 2004, а во моментот, 180 града во светот ја сочинуваат оваа мрежа.

Мрежата опфаќа седум креативни области:

- занаети и народни уметности,

- медиуми и уметност,
- филм,
- дизајн,
- гастрономија,
- литература и
- музика.

**Фестивалски градови**. **(Рио де Женаиро или Њу Орлеанс).** Голем број на фестивали и карневали во светот што традиционално се одржуваат секоја година претставуваат вистинска атракција и се заштитен знак за градот. Такви настани се карневалот во Рио де Женаиро, оперскиот фестивал во Верона, фестивалот во Единбург и др.

**Футуристички градови**. (Дубаи или Токио). Таквите градови се познати по иновативната архитектура или некоја екстремно модерна атракција. Освен Дубаи и Токио, во последно време и Кувајт се доближува до овој вид на градови со футуристички концепт на урбан развој.

**Спортски градови**. Во оваа категорија спаѓаат: **Мелбурн, Ванкувер, Кардиф**, и нивниот развој се заснова на спортот, бидејќи тие се домаќини на разни врвни меѓународни спортски манифестации (Олимписки игри, тенис, врвни спортски натпреварувања). Според некои анализи, Мелбурн се смета за неофицијален главен град на спортот. Градот Кардиф во Велс, е познат по организирањето на големи спортски манифестации на стадионот *„Principality“.*

## 2. Европски градови (престолнини) на културата во период 1985-2028

Во 1985, поранешната актерка *Мелина Меркури,* тогашна грчка министерка за култура и нејзиниот француски колега Жак Ланг дојдоа до идеја секоја година да се одредува (избира) град на културата во Европа со цел донесување, истакнување на богатството и разновидноста на европските култури и подигнувањето на свеста за нивната заедничка историја и вредности.

*Една студија од 2004 година покажала дека изборот на европска престолнина на културата служи како катализатор за развојот на културата, урбана и инфраструктурна трансформација на градот, а со тоа и туризмот*.

**Европска престолнина на културата** е град назначен од Европската Унија за период од една календарска година, во која се организираат серија културни настани со силна европска димензија.

Подготовката за европска престолнина на културата може да биде можност за градот да стекне значителни културни, општествени и економски придобивки и може да помогне во урбаната регенерација, менувањето на градскиот изглед и подигнување на неговата видливост и профилот на меѓународната сцена.

Во текот на германското претседателство во 1999, програмата европски град на културата била преименувана во Европска престолнина на културата. Во табелата подолу дадени се хронолошки сите градови (престолнини) на културата во Европа во периодот 1985-2019 година, како и државите кои треба да го дадат кандидатот за град (престолнина) на културата до 2028 година.

**Табела 1. Градови (престолнини) на културата 1985-2028 година**
**Table 1. Cities (capitals) of culture 1985-2028**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1985 Атина | 1995 Луксембург | 2005 Корк | 2015 Монс и П'лзен | 2024 Естонија и Австрија |
| 1986 Фиренца | 1996 Копенхаген | 2006 Патрас | 2016 Сан Себастијан и Вроцлав | 2025 Словенија и Германија |
| 1987 Амстердам | 1997 Солун | 2007 Сибиу, Луксембург | 2017 Архус (Данска) и Пафос (Кипар) | 2026 Словачка и Финска |
| 1988 Берлин | 1998, Стокхолм | 2008 Ливерпул, Ставангер | 2018 Леуварден (Холандија) и Валета (Малта) | 2027 Латвија и Португалија |
| 1989 Париз | 1999 Вајмар | 2009, Вилнус и Линц | 2019 Матера (Италија) и Пловдив | 2028 Чешка и Франција |
| 1990 Глазгов | 2000 Авињон, Берген, Болоња, Брисел, Хелсинки, Краков, Прага, Рејкјавик, Сантјаго де Компостела | 2010 Есен, Истанбул, Печуј | 2020 Ријека и Галвеј (Р.Ирска) | 2029 Полска и Шведска |
| 1991 Даблин | 2001 Ротердам и Порто | 2011 Турку и Талин | 2021 Темишвар, Елеусис (Грција) и Нови Сад | 2030 Кипар и Белгија |
| 1992 Мадрид | 2002 Бриж, Саламанка | 2012 Гимараеш и Марибор | 2022 Литванија и Луксембург | 2031 Малта и Шпанија |
| 1993 Антверпен | 2003 Грац | 2013 Марсеј, Кошице | 2023 Унгарија и Велика Британија | 2032 Бугарија и Данска |
| 1994 Лисабон | 2004 Ценова и Лил | 2014 Умеа (Шведска) и Рига | 2024 Естонија и Австрија | 2033 Холандија и Италија |

**Извор:** European Capitals of Culture: the road to succes from 1985-2010, p. 3; и Decision No 445/2014/EU OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 16 April 2014 establishing a Union action for the European Capitals of Culture for the years 2020 to 2033 and repealing Decision No 1622/2006/EC.

### 3. Главни градови на спортот

Европската асоцијација на спортски градови *(ACES-European Capitals and Cities of Sports Federation)*, почнувајќи од 2001 година, секоја година ги одредува главните градови во спортот во Европа, во кои се организираат најразлични спортски натпреварувања кои привлекуваат голем број на љубители на спортот. Според оваа асоцијација главните градови на спортот добиваат многу придобивките како на пример:

- *Меѓународно препознавање на градот како „мајстор на спортот“;*

- *Зголемување на бројот на активни луѓе во спортот (на пример, во градот* Антверпен, главен град на спортот во 2013 година, активните луѓе се зголемија за 10%.*;*
- *1,5 милијади пати, медиумско споменување на градот преку радио, ТВ, интернет;*
- *Враќање на инвестициите (пр. градот Logrono кој беше прогласен за Европски град на спортот во 2014 година, доби 44,5 милиони евра (ROI – Return on Investment) поради титулата;*
- *Активно вмрежување и размена на најдобрите практики со други градови и учество на неколку конгреси;*
- *Подобрување на локалните спортски политики;*
- *Можности за добивање грантови од ЕУ (секоја година ACES Evropa ги вклучува градовите во различни проекти и повици од ЕУ);*
- *Живот во Вашиот град и* ***привлекување на туристи.*** *(Во текот на годината, бројни настани го донесуваат животот во вашиот град. На пример, во Торино, европски главен град на спортот 2015, се одржаа 1000 настани).*[1]

  Исто така, пред и за време на одржувањето на Олимпијадата во Лондон во 2012 година беа организирани и одржани преку 12 000 културни случувања кои привлекоа голем број туристи од светот *(Дашиќ, Дамјановиќ, Џурашковиќ, стр. 260).*

Подолу ја даваме Листата на главни градови на спортот по години.

**Табела 2. Европски главни градови на спортот 2001-2022**
**Table 2. European Capitals of Sport 2001-2022**

| *Година* | *Европски главен град на спортот* |
|---|---|
| *2001* | *Мадрид (Шпанија)* |
| *2002* | *Стокхолм (Шведска)* |
| *2013* | *Глазгов (Шкотска-Велика Британија)* |
| *2004* | *Аликанте (Шпанија)* |
| *2005* | *Ротердам (Холандија)* |
| *2006* | *Копенхаген (Данска)* |
| *2007* | *Штудгард (Германија)* |
| *2008* | *Варшава (Полска)* |
| *2009* | *Милано (Италија)* |
| *2010* | *Даблин (Република Ирска)* |
| *2011* | *Валенсија (Шпанија)* |
| *2012* | *Истанбул (Турција)* |
| *2013* | *Антверп (Белгија)* |
| *2014* | *Кардиф (Велс-Велика Британија)* |
| *2015* | *Торино (Италија)* |
| *2016* | *Прага (Чешка Република)* |
| *2017* | *Марсеј (Франција)* |
| *2018* | *Софија (Бугарија)* |

[1] http://aceseurope.eu/about/benefits-of-awards/, пристепено на ден 4.7.2018 година;

| | |
|---|---|
| *2019* | *Будимпешта (Унгарија)* |
| *2020* | *Малага (Шпанија)* |
| *2021* | *Лисабон (Португалија)* |
| *2022* | *Хаг (Холандија)* |

***Извор**: ACES Europe- European Capitals and Cities of Sports Federation*

**4. Европски главни градови на младите**

Европскиот младински форум *(EYF - European Youth Forum)*, е платформа која го претставува младинскиот граѓански сектор во Европа и кој го сочинува 100 национални чадор организации на младите, како и меѓународни невладини младински организации во Европа. Таа се залага за правата на младите во меѓународните организации и институции како што се Европската Унија, Советот на Европа и Обединетите нации (ООН).

Европскиот младински форум во 2017 година го сочинуваа вкупно 104 тела, од кои 43 Национални совети на млади и 61 меѓународни невладини организации.

Титулата европски главен град на младите е конципирана во 2008 година, и од 2009 година Европскиот младински форум (EYF), редовно секоја година го прогласува главниот град на младите во Европа. Основна цел е да се поттикнат младите активно да се вклучат во креирање на младинските политики во своите земји и во Европа. Прв главен град на младите во Европа, EYF го прогласи Ротердам од Холандија.

Во продолжение ја прикажуваме Листата на главни градови на младите во Европа од 2009-2021 година;

**Табела 3. Главни градови на младите во Европа 2009-2021 година**
**Table 3. Youth capitals in Europe 2009-2021**

| Година | Град/Држава |
|---|---|
| **2009** | Ротердам (Холандија) |
| **2010** | Торино  (Италија) |
| **2011** | Антверп (Холандија) |
| **2012** | Брага (Португалија) |
| **2013** | Марибор (Словенија) |
| **2014** | Солун (Грција) |
| **2015** | Клуж-Напока (Романија) |
| **2016** | Гања (Азербејџан) |
| **2017** | Варна (Бугарија) |
| **2018** | Каскаинс (Португалија) |
| **2019** | Нови Сад (Србија) |
| **2020** | Клајпер (Литванија) |
| **2021** | Амиен (Франција) |

**Извор:** https://www.youthforum.org/youthcapital

За време на манифестацијата Европски главен град на младите, во Нови Сад 2019 година се одржа осмата по ред манифестацијата **Саем на младински туризам (OPENS YOUTH FAIR)**, на која туристичките организации, туристичките агенции ги претставуваат програмите, манифестациите, фестивалите за млади во градовите од државите од регионот, меѓу кои со свои претставници учествуваше и Република Македонија. Овој саем се одржува во период кога во Нови Сад се одржува познатиот музички фестивал ЕГЗИТ

(EXIT), на кој доаѓаат млади од цела Европа, но и пошироко, кои се задржуваат во регионот како туристи (и во Македонија) по неколку дена.

Во 2018 година, за време на одржување на фестивалот ЕГЗИТ (EXIT), во Нови Сад присуствувале 198 000 посетители,[2] кои оствариле девизен приход од 13,3 милиони евра, додека во 2019 година за време на одржување на фестивалот ЕГЗИТ, присуствувале 200 000 посетители, од кои 60 000 се туристи од околу 90 земји од светот.[3]

**Заклучок (Conclusion)**

Меѓународните културни и спортски настани на ниво на Европа и пошироко се важен мотив за мобилизација на туристите. Организаторите на овие настани во координација со градските власти секогаш организираат и дополнителни активности со цел да ги задржат туристите уште неколку дена (на пр. саеми, концерти, изложби, посети, атракции).

Манифестациите од областа на културата и спортот се голем двигател *и катализатор за развојот на културата, урбана и инфраструктурна трансформација на градот, а со тоа и туризмот*.

Градот домаќин на манифестацијата има голем економски бенефит. Исто така, градовите домаќини на меѓународните културни и спортски манифестации стануваат бренд со препознатлив имиџ за привлекување на странските туристи.

---

[2] https://en.wikipedia.org/wiki/Exit_(festival)#EXIT_Freedom_2018, пристепено на ден 04.07.2019 година;

[3] https://www.exitfest.org/jos-jedan-rekord-za-exit-ove-godine-preko-60-000-turista-доаѓа во Н С/

**Користена литература (Literature)**


1) Dasic, D., Damjanovic, A., Djuraskovic, J. (2015), *Gradski turizam u funkciji destinacijskog brendiranja,* XVIII-th International Conference "Dependability and Quality Management", 25-26 june, Prijevor, Serbia, p. 260;

2) Decision No 445/2014/EU OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 16 April 2014 establishing a Union action for the European Capitals of Culture for the years 2020 to 2033 and repealing Decision No 1622/2006/EC.

3) European Capitals of Culture: the road to succes from 1985-2010, p. 3;

4) Jovanovic, V (2017), Turizam i prostor, Udjebnik, Univerzitet "Singidunum", Beograd;

5) Jovanovic, V (2013), Tematski turizam, Univerzitet "Singidunum", Beograd;

6) Lukovic, Dragan (2013), Brendiranje gradova i regiona: teorijske osnove i praksa u Istocnoj i Zapadnoj Evropi (doktorska disertacija), Fakultet politickih nauka, Univerzitet u Beogradu;

7) Мајхошев, Д. (2021), Услови и перспективи за развој на урбаниот туризам во Република Македонија;

8) Pivac, Tatjana (2004), Grad kako resurs u turizmu, Casopis Departmana za geografiju, turizma i hoteljerstvo, Turizam br. 8/2004;

9) https://en.wikipedia.org/wiki/Exit_(festival)#EXIT_Freedom_2018, пристепено на ден 04.07.2019 година;

10) https://www.exitfest.org/jos-jedan-rekord-za-exit-ove-godine-preko-60-000-turista-доаѓа во Н С/

11) https://www.youthforum.org/youthcapital

12) http://aceseurope.eu/about/benefits-of-awards/, пристепено на ден 4.7.2018 година;